АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 12.02.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 556 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија“;

2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат“;

2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на „Вечер“;

2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на „Коха“;

2.5 Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на „Лајм“;

2.6. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДОО Скопје, издавач на „Фокус“;

2.7. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан Хафталик Бултен“;

2.8. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис“;

2.9. Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас“;

2.10. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на „Порта 3“;

2.11. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит"; и

2.12. Здружение за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА, Битола, издавач на „Зелена берза".

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданијата од 10 февруари 2021 година на „Нова Македонија" бр. 25.148, „Слободен печат" бр. 2.175, „Вечер" бр. 17.539, „Коха" бр. 4.167 и „Лајм" бр. 4.151;
- изданието од 11 февруари 2021 година на „Фокус" бр. 1.323;
- изданието од 5 февруари 2021 година на „Зенит" бр. 635;
- изданието од 18 јануари 2021 година на „Јени Балкан Хафталик Бултен" бр. 151;
- изданијата за јануари 2021 година на „Штипски глас" бр.107 и „Порта 3" бр.300; и
- изданијата за февруари 2021 година на „Економија и бизнис" бр.270 и „Зелена берза" бр. 32.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 12 февруари 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум."*

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми <u>е во целост исполнета кај сите печатени медиуми</u> опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***